РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR
DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 05-827/3
01-04-2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Друштво за трговија на мало и големо ЉОКИ-КОМЕРЦ експорт-импорт ДОО
Бр. 0307-007/22
01.04. 2022 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА УСЛУГИ

## I.ДОГОВОРНИ СТРАНИ:

**1.**Министерство за животна средина и просторно планирање адреса Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3 застапуван од министерот Naser Nuredini (во понатамошниот текст „Договорен орган”) од една страна, и

**2.** Друштво за трговија на мало и големо ЉОКИ-КОМЕРЦ експорт-импорт ДОО Скопје со адреса на Македонска Косовска Бригада бб, преставувано и застапувано од одговорното лице Selim Loki (во понатамошниот текст „Давателот на услугата ) од друга страна.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

(1) Предмет на договорот за јавна набавка е сервисирање и одржување на службените моторни возила на Министерството за животна средина и просторно планирање.

(2) Предмет на овој договор се вкупно 21 службени возила на Министерството за животна средина и просторно планирање.

(3) Услугата од став 1 на овој член опфаќа автомеханичарски, автоелектричарски услуги, автолимарски и автолакерски услуги.

(4) Сервисирањето и одржувањето на службените моторни возила опфаќа и замена на потрошни и резервни делови и материјали.

(5) Составен дел на овој договор се техничките спецификации за резервни делови и сервисирање на сите типови на моторни возила на Министерството за животна средина и просторно планирање дадени со единечни цени и списокот на службени моторни возила во која се дадени податоци за марката и типот на возилото, регистерскиот број, годината на производство, силата и работната зафатнина на моторот, бројот на моторот и шасијата.

## III. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

(1) Договорот се склучува за период од 1 (една) година сметано од денот на потпишувањето  на договорт од двете договорни страни или до целосно реализирање на вкупната вредност на договорот предвиден во член 4 од овој Договор.

(2) Услугата за сервисирањето и одржувањето на службените возила предмет на договорот за јавна набавка ќе се врши сукцесивно според потребите на договорниот орган.
(3) Во случај, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот да биде доставена по потпишување на овој договор, истиот ќе се смета за склучен и ќе влезе во сила по доставување на банкараската гаранција за квалитетно извршување на договорот.

## IV. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е македонскиот јазик.
Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на македонски јазик.

## V. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Вкупната максимална вредност на овој Договор изнесува 1.016.949,00 денари без вклучен ДДВ односно 1.200.000,00 денари со вклучен износ на ДДВ.

**Член 5**

(1) Сервисирањето и одржувањето на службените возила предмет на договорот за јавна набавка ќе се врши сукцесивно според потребите на договорниот орган, максимум до вредноста на склучениот договор од член 4 од овој договор.
(2) Количеството и видот на резервните делови кои треба да се набават Договорниот орган ќе ги одреди со спецификација за видот и количината според дадената понуда.

## VI. ЦЕНА НА УСЛУГИТЕ

**Член 6**

(1) Единечните цени за извршување на услугите од член 1 на овој договор се утврдени во табелите од техничките спецификации за сервисирање и одржување на возилата, прилог кон овој Договор.

(2) Во единечната цена на услугата е содржана цената на резервниот дел или потрошниот материјал, нормата на работен час и цената на норма работен час односно:

Цена на услугата = цена на резервен дел + (норма на работен час x цена на норма работен час) = цена на услугата.

(3) Единичечните цени се крајни, фиксни и непроменливи и во нив се вкалкулирани сите трошоци што Давателот на услуга треба да ги направи за да ја изврши услугата. Давателот на услуга се обврзува дека ќе се придржува на цените на услугите дадени во понудата до договорен орган, односно дека ќе ги почитува погодностите дадени во понудата.

**Член 7**

(1) Цената на услугата за замена на резервниот или потрошниот дел кој не е предвиден во табелите од техничките спецификации за возилата во сопственост на Министерството за животна средина и просторно планирање, ќе се фактурира според цените на резервните и потрошните делови од максимум 15% маржа на набавните цени од овластениот дистибутер и потребната норма работен час, цената на норма работен час и данок на додадена вредност.

(2) Со предлог пресметката Давателот на услугата должен е да достави про-фактура или Изјава, за висината на вредноста на делот кој треба да го набави.

## VII. РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

**Член 8**

Давателот на услугата е должен да ја изврши услугата што е предмет на договорот во рок не подолг од 1 (еден) работен ден за поедноставни поправки (замена на гуми, гуртни, плочки, масло и др, потрошен материјал), односно 5 (пет) дена за покомплексни поправки (ремонт и сл.) од денот на доставување на возилото, односно потпишување на записникот за прием на возилото.

**Член 9**

(1) Во случај на доцнење на извршување на услугата Договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна - пенали.

(2) Ако Давателот на услуга не ја извршува услугата во договорениот рок или во одобрениот продолжен рок, должен е да му плати на Договорниот орган на име на договорена казна од 2 промила од вкупната вредност за секој ден доцнење но не повеќе од 5% од вкупната договорена вредност.

(3) Ако до продолжување на рокот дошло поради неисполнување или неблаговремено и нецелосно исполнување на обврските од страна на корисникот или поради продолжување на рокот во согласност со странките, виша сила и мерка на надлежниот орган, нема да се засметува договорената казна.

## VIII. НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

**Член 10**

(1) Доколку договорниот орган, односно претставникот на договорниот орган-корисник на возилото има потреба од поправка или интервенција на

определено возило, задолжително се обраќа до Давателот на услуга (писмено, телефонски или преку електронска пошта, во зависност од потребата) со барање да му се издаде предлог-пресметка (понуда/про-фактура) за истата.
(2) За вообичаените интервенции корисникот на возилото може да се обрати до сервисниот центар на Давателот на услуга за добивање на предлог-пресметка и без да го однесе возилото до сервисниот центар (телефонски или на друг начин).

**Член 11**

(1) Давателот на услуга е должен на барање на договорниот орган да издаде предлог-пресметка (понуда/про-фактура) за одредена поправка или интервенција на возило.
(2) Давателот на услугата во предлог-пресметката задолжително наведува:

- опис на услугата што треба да се изврши со единечни цени за услугата согласно со цените дадени во прилогот кон договорот кој ќе се склучи со најповолниот понудувач (табели од техничките спецификации за возилата во сопственост на Министерството за животна средина и просторно планирање и со максимум 15% маржа од набавната цена при вградување на резерви и потрошни делови кои не се предвидени во табелите од техничките спецификации на резервни и потрошни делови);
- име и презиме на корисникот на возилото кое побарало предлог-пресметка;
- рок во кој ќе се изврши конкретната услуга сметано од денот на донесување на возилото во сервисниот центар.

(3) Утврдувањето на рокот за вршење на конкретна услуга Давателот на услугата е должен да го направи врз основа на реална проценка за времето потребно да се изврши услугата.

**Член 12**

(1) Договорниот орган ја разгледува предлог-пресметката, проверува дали истата е во согласност со овој договор и врз основа на процена за оправданоста за извршување на услугата дава писмено одобрение на Давателот на услуга.
(2) Давателот на услуга ќе пристапи кон извршување на услугата само по добивање на писмено одобрение дадено од договорниот орган.
(3) Писменото одобрение за Договорниот орган го издава овластеното лице.

**Член 13**

(1) Во итни случаи, договорниот орган може да му даде на Давателот на услуга усно одобрение за извршување на услугата.

(2) Давателот на услуга е должен да пристапи кон извршување на услугата за која е дадено усно одобрение и тоа го констатира во работниот налог со наведување на лицето што го дало усното одобрение.
(3) Договорниот орган е должен по даденото усно одобрение да достави и писмено одобрение до Давателот на услугата.
(4) За лицата кои можат да дадат усно одобрение во итни случаи договорниот орган ќе го извести Давателот на услугата по потпишувањето на овој договор.

**Член 14**

(1) Давателот на услуга по добиеното одобрение пристапува кон извршување на услугата за која издал предлог-пресметката.
(2) Доколку во текот на извршување на одобрената услуга Давателот на услуга утврди дека е потребна дополнителна интервенција, тој е должен да направи дополнување на предлог-пресметката и истата да ја достави на одобрување до договорниот орган, а по добиеното одобрение да ја изврши дополнителната услуга.
(3)Давателот на услуга е должен по добиеното одобрение, при приемот на возилото да потпише записиник за прием на возилото со тоа што рокот за извршување на услугата утврден во член 8 од овој Договор почнува да тече од тој момент.

**Член 15**

Давателот на услугата е должен да изврши прием на возилото за поправка во секое време без одлагање, односно на возилата на договорниот орган да им даде приоритет пред другите поединечни корисници на услуги затекнати во сервисниот центар на Давателот на услугата.

## IX. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 16**

(1) Договорен орган се обврзува плаќањето на Давателот на услуга да го врши вирмански на жиро сметка на давателот на услугите во рок од 30 (триесет) дена од доставување на фактура за извршената услуга, во архивата на Министерството за животна средина и просторно планирање поткрепена со работен налог, кој треба да биде потпишан со цело име и презиме од лицето што го презема возилото од страна на договорниот орган и претставник на Давателот на услуга кој го предава возилото.
(2) Доколку фактурата отстапува од одобрената предлог-пресметка или кон неа не е приложен работниот налог, фактурата нема да биде платена и ќе биде вратена на Давателот на услуга заради докомплетирање или доставување на исправна фактура.
Во случај Договорен орган да не ја плати фактурата во договорениот рок, се засметува законска затезна камата во висина определена согласно позитивните законски прописи.

## X. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРА

**Член 17**

(1) При изготвувањето на фактурата, Давателот на услуга е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на Договорниот орган, место, седиште, даночен број;
- број и датум на Договорот;
- количини со опис на услугата;
- единечни договорни цени на секој од елементите;
- вкупни цени по елементи;
- вкупна цена на фактурата;
- други зголемувања и намалувања, согласно со договорните услови (камати, пенали);
- пресметка за ДДВ;
- вкупна цена за исплата по фактура;
- валута на плаќање.

(2) Секоја доставена фактура по истекот на определените средства од договорот нема да биде прифатена од страна на Договорниот орган.

## XI.ОБВРСКИ НА ДАВАТЕЛОТ НА УСЛУГА

**Член 18**

Давателот на услуга се обврзува дека ќе ја врши услугата редовно, навремено и квалитетно согласно со пропишаните стандарди.
За новите акумулатори, Давателот на услуга е должен да обезбеди гарантни листови.

**Член 19**

Давателот на услуга се обврзува дека секоја извршена интервенција ќе ја евидентира во сервисната книшка за возилото на договорниот орган.

**Член 20**

(1) Давателот на услуга се обврзува за секое возило на договорниот орган да води компјутерска евиденција за извршените интервенции, а на барање на договорниот орган да му отпечати примерок од евиденцијата.
(2) Евиденцијата треба да ги содржи најмалку следниве податоци: регистерски број на возилото, марка и тип, датум на извршена интервенција, вид на извршена интервенција со опис на заменетите потрошни материјали и резервни делови и состојбата на километражата.

**Член 21**

(1) Давателот на услуга се обврзува дека за секоја извршена интервенција ќе издава работен налог, кој треба да биде потпишан со цело име и презиме од

лицето што го презема возилото од страна на договорниот орган и претставник на Давателот на услугата кој го предава возилото.
(2) Работниот налог задолжително треба да ги содржи следниве податоци: марката и типот, регистерскиот број и состојбата на бројчаникот за изминати километри на возилото и видот на интервенции, заменетите резервни и потрошни делови со количини.

**Член 22**

Давателот на услуга е материјално одговорен за возилата кои ги презема од договорниот орган.

**Член 23**

Давателот на услуга во случај на неквалитетно извршени услуги на возилата на договорниот орган, одговара за евентуалните штети. Давателот на услуга е одговорен за евентуалните злоупотреби од страна на персоналот во сервисниот центар на Давателот на услугата

## XII. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 24**

Договорниот орган е должен да ги исполни обврските за плаќања предвидени со одредбите на овој договор.
Договорниот орган се обврзува дека сите свои возила кои се предмет на оваа постапка ќе ги сервисира во сервисните центри на Давателот на услуга.

## XIII. ГАРАНТЕН ПЕРИОД

**Член 25**

Давателот на услуга се обврзува да даде гарантен период од минимум 6 (шест) месеци за вградените делови.

**Член 26**

Овој гарантен период значи дека Давателот на услуга ќе ги отстрани сите недостатоци на сопствен трошок кои се резултат на неквалитетно вградување на делот или делот ќе го замени со нов во рок од 15 дена, од денот на пријавување на недостатокот.
Овој период почнува да важи од денот на вградување на делот.

## XIV. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 27**

Услов за потпишување договор со најповолниот економски оператор обезбедување на гаранција за квалитетно извршување на договорт во износ од 5% од вредноста на договорот (со вклучен ДДВ).

**Член 28**

(1) Избраниот најповолен понудувач ја доставува гаранцијата за квалитетно извршување на договорот по добиеното известување за извршениот избор, а пред склучувањето на договорот во рок од 5 (пет) работни дена од добиеното известување.

(2) Во исклучителни случаи, доколку банката не издава гаранција за квалитетно извршување на договорот без потпишување на договорот, истиотќе се смета за склучен и ќе влезе во сила по доставувањето на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот чиј Давателот на услугата се обврзува ја достави во рок од 5 (пет) работни дена од денот на потпишувањето на договорот.

(3) Во случај да не се достави гаранцијата, иако договорот е потпишан, ќе се смета дека истиот не е склучен и може да се издаде негативна референца.

**Член 29**

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да е со важност до целосно реализирање на договорот за јавна набавка.

**Член 30**

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот му се враќа на Давателот на услугата во рок од 14 дена од денот на целосното реализирање на договорот за јавна набавка.

**Член 31**

Во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, Давателот на услугата соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

**Член 32**

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена, доколку Давателот на услугата не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести Давателот на услугата.

## XV. ОДРЖУВАЊЕ

**Член 33**

Во гарантниот период за резервните делови, надоместок се врши корективно со одржување на возилата со сервисни услуги.

**Член 34**

Поправката на дефектите ќе се врши во просториите на Давателот на услуга.

## XVI. ПОДИЗВЕДУВАЊЕ

**Член 35**

Давателот на услуга може, за време на извршувањето на договорот за јавна набавка, од договорниот орган да побара:

- промена на подизведувачите за оној дел од договорот за јавна набавка кој претходно го отстапил на подизведувачи,
- воведување еден или повеќе нови подизведувачи чиј вкупен удел не смее да надмине 30% од вредноста на договорот за јавна набавка без вклучен ДДВ, без оглед дали претходно отстапил дел од договорот на подизведувачи или не,
- преземање на извршувањето на дел од договорот за јавна набавка кој претходно го дал на подизведувач.

**Член 36**

Во случај на вклучување нови подизведувачи, Давателот на услуга, заедно со барањето, ги обезбедува следните податоци и документи:

- ги наведува сите подизведувачи, како и секој дел од договорот за кој има намера да го додели на подизведувачи,
- доставува контакт податоци за законските застапници на предложените подизведувачи,
- доставува документација за утврдување способност на предложените подизведувачи и
- доставува барање од подизведувачот за директно плаќање, доколку подизведувачот го бара тоа.

**Член 37**

(1) Договорниот орган не смее да го одобри барањето на Давателот на услуга:

- во случаите од член 35 алинеи 1 и 2, доколку Давателот на услугата во постапката за јавна набавка ја користел способноста на подизведувачот кој го менува, а новиот подизведувач не ги исполнува истите услови или постојат причини за исклучување,
- во случаите од член 35 алинеја 3, ако Давателот на услуга во постапката за јавна набавка ја користел способноста на подизведувачот за да ја докаже својата способност, а самиот давател на услуги не ги исполнува тие услови или ако тој дел од договорот е веќе извршен.

(2) Договорниот орган може да го одбие предлогот за замена на подизведувач, односно вклучување нов подизведувач, доколку тоа може да влијае на непреченото изведување или завршување на работите.

(3) За одбивањето на подизведувачот, Договорниот орган го известува Давателот на услугата во рок од 10 (десет) дена од денот на приемот на барањето.

**Член 38**

Директното плаќање на подизведувачот е задолжително за Договорниот орган и за Давателот на услугата доколку подизведувачот побарал директно плаќање согласно со условите од законот за јавни набавки, при што:

- Подизведувачот приложува согласност врз основа на која обврските на Давателот на услугата ќе ги покрие Договорниот орган,
- Давателот на услугата, во прилог на неговата фактура или времена ситуација, ги приложува фактурите или времените ситуации на подизведувачот кои претходно ги одобрил.

**Член 39**

Доколку не е предвидено директно плаќање на подизведувачите, Договорниот орган бара од Давателот на услугата да му достави писмена изјава од подизведувачот, дека подизведувачот е исплатен за набавените стоки, обезбедените услуги или изведените работи, во рок од 60 дена од денот на исплаќање на фактурата од страна на Договорниот орган на Давателот на услугата.

## XVII. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 40**

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

## XVIII. ВИША СИЛА

**Член 41**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ. По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

## XIX. ОБЕШТЕТУВАЊЕ

**Член 42**

(1) Договорните страни се должни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој Договор.

(2) Кога една од договорните страни не ќе ја исполни обврската или ќе задоцни со нејзиното исполнување, другата договорна страна има право да бара и надомест на штетата што ја претрпел поради тоа.
(3) За штетата поради задоцнување со исполнувањето одговара договорната страна на која другата договорна страна и дала примерен дополнителен рок за исполнување.
(4)Договорната страна одговара и за делумната или целосната невозможност за исполнување иако не ја криела таа невозможност ако настапила по нејзино доаѓање во задоцнување за кое одговара.
(5) Договорната страна се ослободува од одговорноста за штета ако докаже дека она што е предмет на обврската случајно би пропаднало и кога таа својата обврска би ја исполнил на време.

### Член 43

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штета ако докаже дека не можела да ја исполни својата обврска, односно дека задоцнила со исполнувањето на обврската поради околности настанати по склучувањето на договорот кои не можела да ги спречи, отстрани или избегне.

### Член 44

Со договор може да се прошири одговорноста на договорната страна и врз случај за кој таа инаку не одговара.
Исполнувањето на ваквата договорена одредба не може да се бара ако тоа би било во спротивност со начелото на совесност и чесност.

### Член 45

Одговорноста на договорната страна за намерата или крајното невнимание не може однапред со договор да се исклучи.
Судот може, по барање на заинтересираната договорна страна, да ја поништи и договорната одредба за исклучување на одговорноста за обично невнимание, ако таквата спогодба произлегла од монополската положба на договорната страна или воопшто од нерамноправниот однос на договорните страни.

### Член 46

(1) Договорната страна има право на надомест на обичната штета и испуштената корист, кои другата договорна страна морала да ги предвиди во време на склучувањето на договорот како можни последици од повреда на договорот, со оглед на фактите што тогаш и биле познати или морале да и бидат познати.
(2) Во случај на измама или намерно неисполнување, како и неисполнување поради крајно невнимание, договорната страна има право да бара од другата

договорна страна надомест на целокупната штета што настанала поради повреда на договорот, без оглед на што другата договорна страна не знаела за посебните околности поради кои настанале тие.
(3) Ако при повреда на обврската, покрај штетата, за договорната страна настанала и некоја добивка, при определувањето на висината на надоместот за неа ќе се води сметка во разумна мера.
(4) Страната што се повикува на повреда на договорот е должна да ги преземе сите разумни мерки за да се намали штетата предизвикана од таа повреда, инаку другата страна може да бара намалување на надоместок.

**Член 47**

Договорната страна која е должна да ја извести другата страна за фактите што се од влијание врз нивниот меѓусебен однос, одговара за штетата што ќе ја претрпи другата страна поради тоа што не била известена на време.

## XX. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 48**

Сите спорови кои ќе произлезат од овој договор или во врска со него, ќе се решаваат пред надлежниот суд.

## XXI. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 49**

Кога една од договорните страни не ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штета.

**Член 50**

(1) Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, ќе и остави примерен дополнителен рок од 10 работни дена за исполнување на обврската.
(2) Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна, може да го раскине договорот.

**Член 51**

Корисникот на услугата може да го раскине договорот и без да му остави на Давателот на услуга, дополнителен рок за исполнување ако од неговото однесување произлегува дека тој нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

**Член 52**

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од договорот, другата страна може да го раскине договорот и да бара надомест на штетата.

**Член 53**

(1) Кога во Договорот со последователни обврски, Извршителот на услуги не ќе ја исполни својата обврска од Договорот, Договорен орган може во разумен рок, да го раскине Договорот во поглед на сите идни обврски, ако од дадените околности е очигледно дека и тие нема да бидат исполнети.

(2) Договорен орган може да го раскине договорот не само во поглед на идните обврски туку и во поглед на веќе исполнетите обврски, ако нивното исполнување без изостанатите исполнувања не е од интерес за него.

**Член 54**

(3) Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

**Член 55**

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

**Член 56**

(1) Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.
Ако една страна го извршила договорот целосно или делумно има право да и се врати она што го дала.

(2) Ако двете страни имаат право да бараат враќање на даденото, заемните враќања се вршат според правилата за извршувањето на двостраните договори.

(3) Секоја страна и должи на другата надомест за користа што во меѓувреме ја имала од она што е должна да го врати, односно да го надомести.

(4) Страната што враќа пари е должна да плати затезна камата од денот кога ја примила исплатата.

**Член 57**

(1) Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната договорна страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот, во таа мера што е очигледно дека договорот повеќе не им одговара на очекувашата на договорните страни и дека според општото мислење би било неправедливо, да се одржи во сила таков каков што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската, односно страната која што поради променетите околности не може да ја оствари целта на договорот може да бара договорот да се раскине.

(2) Раскинување на договор не може да се бара ако страната што се повикува на променетите околности била должна во време на склучувањето на договорот да ги земе предвид тие околности или можела да ги избегне или да ги совлада.
(3) Страната која бара раскинување на договорот не може да се повикува на променетите околности што настапиле по истекот на рокот определен за исполнување на нејзината обврска.
(4) Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.
(5) Ако изрече раскинување на договор судот, на барање од другата страна, ќе ја обврзе страната што барала раскинување да и надомести на другата страна справедлив дел од штетата што ја трпи поради тоа.

**Член 58**

Страната што е овластена да бара поради променетите околности раскинување на договорот должна за својата намера да бара раскинување на договорот, да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го сторила одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето благовремено не и било соопштено на време.

## XXI. ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 59**

Договорните страни го извршуваат договорот за јавна набавка согласно со условите утврдени во тендерската документација и избраната најповолна понуда.

**Член 60**

(1) Договорниот орган ќе врши контрола дали извршувањето на договорот за јавна набавка е во согласност со условите од договорот.
(2) При извршувањето на договорот договорните страни покрај одредбите од Законот за јавните набавки, соодветно ќе ги применат одредбите од законот што ги уредува облигационите односи и материјалните прописи со кои се уредува предметот на набавка.

## XXII. ИЗМЕНИ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА ВО ТЕКОТ НА НЕГОВАТА ВАЖНОСТ

**Член 61**

Во текот на реализацијата на договорот може да дојде до негово менување согласно со член 119 од Законот за јавните набавки.

## XXIII. ОПШТИ ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 62**

(1) Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

(2) Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

(3) Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

(4) Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 63**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 64**

Овој договор е составен од 6 (шест) примероци, од кои 2 (два) за Давателот на услуга и 4(четири) за Договорниот орган и стапува во сила со денот на неговото склучување, односно со доставување на гаранцијата за квалитетно извршување на договорот.

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

ДОГОВОРЕН ОРГАН:
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

**Министер,**
**Naser Nuredini**

ДАВАТЕЛ НА УСЛУГА:
**Друштво за трговија на мало и големо ЉОКИ-КОМЕРЦ експорт-импорт ДОО Скопје**
**Управител,**
**Selim Loki**

**Изготвил:** Faton Darlishta
**Проверил:** Burbuqe Haxhijaha
Марјан Крстевски
**Согласен:** Весна Петрушевска
**Одобрил:** Државен Секретар
Каја Шукова

*Прилог: Конечна понуда после е-аукција на Друштво за трговија на мало и големо ЉОКИ - КОМЕРЦ експорт-импорт ДОО Скопје